ИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ШТИНА ЛОЗОВО
ГРАДОНАЧАЛНИК
Бр. 0507-181/18
25.02.2021 год.

Друштво за производство, трговија и услуги
ИВА 2003 ДООЕЛ експорт-импорт
Бр. 02-07/210003
25.02.2021 год.
Велес

# ДОГОВОР ЗА ЈАВНА НАБАВКА НА СТОКИ

***Склучен на ден 25.02.2021год.***

## *I. ДОГОВОРНИ СТРАНИ*

**А. *Општина Лозово*** со адреса ул.Маршал Тито бб , 2208 Лозово
Застапувана од Градоначалникот Г-дин *Ацо Велковски*
( во понатамошниот текст „Договорен орган„) од една страна,

***Б. ДПТУ ИВА 2003 ДООЕЛ*** со ЕМБС 5754844
*со седиштe на ул.Андон Шурков бр.6-1/12*
*застапувано од Данчо Бутимов од Велес*
*( во понатамошниот текст „Носител на набавката„) од друга страна.*

## *II. ДЕФИНИЦИИ (ОБЈАСНЕНИЕ НА ПОИМИТЕ)*

***Член 1***

За целите на овој Договор, одделни поими и изрази употребени во овој Договор го имаат следново значење:

1) „**Договорен орган„** - е субјект дефиниран во член 4 став 1 точки а), б), в), г) и д) од Законот за јавни набавки;

2) „**Носител на набавката**„ - е понудувач или група на понудувачи кои склучиле договор за јавна набавка;

3) „**Договор за јавна набавка на стоки„** - претставува набавка на една или повеќе стоки, преку купување веднаш, купување со одложено плаќање или изнајмување со или без опција за купување на стоката;

4) „**Договорна цена„** - е цената која ја побарува Носителот на набавката како што е утврдено во овој Договор, вклучувајќи го и евентуалниот попуст што го дал;

5) „**Испорака„** - значи предавање на стоките од страна на Носителот на набавката на Договорниот орган во времето и на местото предвидено со овој Договорот, на начин на кој Договорниот орган се стекнува со право на сопственост на стоките;

6) „**Сродни услуги„** - претставуваат пропратни услуги на набавката на стоки, како што е осигурување, инсталација, почетно одржување и други слични обврски на Носителот на набавката според условите наведени во овој Договор;

7) „**Подизведувач„** - е домашно или странско правно или физичко лице, кое треба да достави кој било дел од стоките или да изврши кој било дел од сродните услуги преку поддоговор склучен со осителот на набавката.

## *III. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ Е НАБАВКА НА КАНЦЕЛАРИСКИ МАТЕРИЈАЛ*

*Член 2*

Предмет на овој Договор за набавка на канцелариски материјал

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Опис** | **Единица мерка** | **Количина** | **Ед.цена Без ДДВ** | **Вкупна цена без ДДВ(3*4)** | **ДДВ** | **Единечна цена без ДДВ после е-аукција** |
| **А4 копир хартија** | **1 парче 500 листа** | **250** | **200** | **50000** | **9000** | **94,20** |
| **А3 копир хартија** | **Парче 500 листа** | **3** | **400** | **1200** | **216** | **188,40** |
| **Картонски папки-бели (без механизам)** | **Бр.** | **120** | **10** | **1200** | **216** | **4,71** |
| **Пластични папки со механизам** | **Бр.** | **50** | **30** | **1500** | **270** | **14,13** |
| **Пликоа мали** | **Бр.** | **600** | **2** | **1200** | **216** | **0,942** |
| **Пликоа средни** | **Бр.** | **500** | **5** | **2500** | **450** | **2,355** |
| **Пликоа големи** | **Бр.** | **600** | **7** | **4200** | **756** | **3,297** |
| **Спајалици 1/10** | **пакување** | **15** | **15** | **225** | **40,50** | **7,065** |
| **Муниција за хевталица (24/6) 1/10** | **пакување** | **15** | **15** | **225** | **40,50** | **7,065** |
| **Факс хартија (ролна)** | **Бр.** | **5** | **115** | **575** | **103,50** | **54,165** |
| **Фискална ролна (56мм х 40м)** | **Бр.** | **12** | **40** | **480** | **86,40** | **18,84** |
| **Маркер** | **Бр.** | **20** | **40** | **800** | **144** | **18,84** |
| **Фломастер** | **Бр.** | **10** | **100** | **1000** | **50** | **47,10** |
| **Флопи дискете** | **Бр.** | **10** | **30** | **300** | **54** | **14,13** |
| **ЦД во ПВЦ** | **Бр.** | **30** | **50** | **1500** | **270** | **23,55** |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Коректор | Бр. | 15 | 30 | 450 | 22,50 | 14,13 |
| Регистратор | Бр. | 180 | 150 | 27000 | 4860 | 70,65 |
| Архивски кутии | Бр. | 15 | 150 | 2250 | 405 | 70,65 |
| Разредувач на коректор | Бр. | 5 | 50 | 250 | 12,50 | 23,55 |
| Технички моливи | Бр. | 10 | 25 | 250 | 12,50 | 11,775 |
| Пенкала мастилни | Бр. | 250 | 50 | 12500 | 2250 | 23,55 |
| Пенкала хемиски | Бр. | 30 | 10 | 300 | 15 | 4,71 |
| Образец ПП 50 | Кочан | 20 | 40 | 800 | 144 | 18,84 |
| Печатен Образец ПП 50 | Кочан | 30 | 80 | 2400 | 432 | 37,68 |
| ПВЦ фолии 1/100 | пакување | 80 | 200 | 16000 | 2880 | 94,20 |
| Самолепливи ливчиња 1/5<br>(75см-75см, 500 листа) | парче | 30 | 35 | 1050 | 189 | 16,485 |
| Мастило за печат | Бр. | 5 | 35 | 175 | 31,50 | 16,485 |
| Патни сметки | кочан | 5 | 120 | 600 | 108 | 56,52 |
| испратници | Бр. | 3 | 55 | 165 | 29,70 | 25,905 |
| приемници | Бр. | 3 | 55 | 165 | 29,70 | 25,905 |
| Лепак за хартија<br>(книжен во кутија) | Бр. | 10 | 180 | 1800 | 324 | 84,78 |
| Книжни папки со врвци | парче | 20 | 100 | 2000 | 360 | 47,10 |
| Хефталици средна<br>(да хевта околу 25 листа) | парче | 7 | 350 | 2450 | 441 | 164,85 |
| Хефталица голема | парче | 2 | 1000 | 2000 | 360 | 471 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| (да хевта околу 80) | | | | | | |
| Дупчалки<br><br>(да фаќат околу 20 листа) | парче | 5 | 400 | 2000 | 360 | 188,40 |
| Тетратка А5 | парче | 15 | 40 | 600 | 30 | 18,40 |
| Тетратка А4 со дебели корици | парче | 25 | 115 | 2875 | 143,75 | 54,165 |
| Селотејп мал | парче | 15 | 30 | 450 | 81 | 14,13 |
| Муниција 23/17s<br><br>За голема хевталица | парче | 10 | 65 | 650 | 117 | 30,615 |
| налози за службено патување | кочан | 3 | 150 | 450 | 81 | 70,65 |
| Спајалица голема 1/1 | парче | 5 | 80 | 400 | 72 | 37,68 |
| тампон за печат | парче | 4 | 70 | 280 | 50,40 | 32,97 |
| Дигитрон(среден) | парче | 5 | 200 | 1000 | 180 | 94,20 |
| Ножички(средни) | парче | 5 | 100 | 500 | 90 | 47,10 |
| Деловодник од 200 листа | парче | 1 | 300 | 300 | 54 | 141,30 |
| Хартија во боја 160gr/m2 | парче | 3 | 400 | 1200 | 216 | 188,40 |
| Интерна доставна книга | парче | 2 | 180 | 360 | 64,80 | 84,78 |
| USB flash drive (флеш меморија) 64 GB | парче | 5 | 1320 | 6600 | 1188 | 621,72 |
| Вкупно без ДДВ | | | | 157.178,00 | | 74000,00 |
| ДДВ | | | | 28.292,04 | | 13320,00 |
| Вкупно со ДДВ | | | | 185.470,04 | | 87320,00 |

## *IV. ЈАЗИК НА ДОГОВОРОТ*

**Член 3**

Јазик на Договорот и на другите документи кои претставуваат составен дел на Договорот, е Македонскиот јазик.

Јазик на целата комуникација во писмена форма помеѓу договорните страни е на Македонски јазик.

## *V. ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ*

**Член 4**

Вкупната цена на стоките без ДДВ изнесува **74.000,00** (седумдесет и четири иљади денари)

Вкупна вредност на ДДВ изнесува **13.320,00** (тринаесет иљади триста и дваесет денари.)

*СЕ ВКУПНО:* **87.320,00** денари со ДДВ со зборови: (осумдесет и седум иљади триста и дваесет денари.)

## *VI. ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ДОГОВОРОТ*

**Член 5**

Договорот се склучува на определено време за период до 25.02.2022год. од денот на склучувањето.

## *VII.ГАРАНЦИЈА ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ*

**Член 6**

Рокот на гаранција треба да биде соодветен со гарантниот рок даден од производителот.

## *VIII. ДИНАМИКА И НАЧИН НА ИСПОРАКА НА СТОКИТЕ*

**Член 7**

Носителот на набавката е должен испораката на стоките да ја врши сукцесивно преку целата тековна година од денот на склучување на овој Договор.

Испораката на стоката/те се смета за извршена по потпишувањето на испратницата од овластеното лице на Договорниот орган и овластеното лице на Носителот на набавката. Испораката на стокатите Носителот на набавката ќе ја врши врз основ на писмена нарачка на Договорниот орган заверена од овластено лице во рок од 3 работни дена од денот на приемот на нарачката .

Носителот на набавката е должен за испорачаната стоките да достави Упатство за нејзино користење на македонски јазик.

Договорниот орган не мора да ги нарача сите планирани количини кои се предмет на овој Договор.

Носителот на Јавната набавка е должен да ја достави исопорачаната стока до Општинската зграда на Општина Лозово.

## IX. ДОГОВОРНА КАЗНА ЗА ЗАДОЦНУВАЊЕ ИЛИ НЕИСПОЛНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

### Член 8

Во случај на доцнење со испораката на Канцелариски материјал (предмет на овој Договор) од страна на Носителот на набавката, Договорниот орган има право на надомест на штета и договорна казна.

Договорниот орган утврдува дали договорна казна ќе биде утврдена во еден вкупен износ, во процент, или за секој ден задоцнување, или на некој друг начин. Во случај кога договорната казна ќе биде предвидена, а испораката на стоката доцни, потребно е веднаш од страна на Договорниот орган по приемот на стоката да му врачи на Носителот на набавката писмено известување дека Договорниот орган го задржува правото на договорна казна.

Во случај на 2 (две) последователни неиспораки. Договорниот орган има право по предходно доставено писмено известување до Носителот на набавката за испорака на Канцелариски материјал, во дополнително оставен рок од 10 дена, да го раскине Договорот за испорака на Канцелариски материјал со проста изјава и да склучи Договор за испорака на Канцелариски материјал ,со второрангираниот понудувач.

Во случај на став 3 од овој член, Носителот на набавката е должен да му ја надомести штетата на Договорниот орган.

Договорниот орган неможе да бара договорна казна поради задоцнување ако го примил исполнувањето на обврската, а без одлагање не му соопштил на Носителот на набавката дека го задржува своето право на договорна казна.

## X. ИЗГОТВУВАЊЕ И ДОСТАВУВАЊЕ НА ФАКТУРАТА

### Член 9

При изготвувањето на фактурата, Носителот на набавката е должен да ги наведе следните елементи:

- назв на Договорниот орган, место, седиште, даночен број;
- број и датум на Договорот;
- количини со опис на стоката, дефинирани по елементи како во член 2 од договорот;
- единечни договорни цени на секој од елементите;
- вкупни цени по елементи;
- вкупна цена на фактурата;
- правдање на даден аванс (доколку го имало);
- други зголемувања или намалувања, согласно со договорните услови (камати, пенали, разлики на цени и сл.);
- пресметка за ДДВ;
- вкупна цена за исплата по фактурата (во случаи на правдање на аванс итн.);
- валута на плаќање.

***XI. НАЧИН, УСЛОВИ И РОКОВИ НА ПЛАЌАЊЕ, ЗАТЕЗНА КАМАТА ЗА ЗАДОЦНЕТО ПЛАЌАЊЕ***

***Член 10***

Плаќењто на цената од чл.2 на овој договор ,ќе се врши по претходно доставена финансиска документација (фактура) за целиот утврден износ и тоа во рок од 30 дена.

***XII.РАЗЛИКИ ВО ЦЕНА***

***Член 11***

Не се предвидува корекција на цените, односно цените искажани во понудата на најповолниот понудувач ќе бидат фиксни за целото времетраење на договорот за јавна набавка

***XIV. КВАНТИТАТИВНА И КВАЛИТАТИВНА КОНТРОЛА***

***Член 12***

Квалитативен и квантитативен прием на ***Канцелариски материјал*** од член 2 од овој Договор врши Договорниот орган, со документ (испратница) потпишана од двете договорни страни.

Во текот на примопредавањето се утврдува квалитетот и квантитетот на испорачаната стоки

***Член 13***

Носителот на набавката е должен да достави потврда, , сертификат за квалитетот на стоките што ќе ги испорачува според стандардите .

Договорниот орган може да изврши дополнителна контрола и гаранција на квалитетот со спроведување на дополнителни независни испитувања и контроли за квалитет кај овластена институција.

***XV. ОБВРСКИ НА НОСИТЕЛОТ НА НАБАВКАТА***

***Член 14***

Носителот на набавката е должен да ја испорача стоката/те на Договорниот орган во времето и на местото предвидено со овој договор.

Носителот на набавката ја извршил обврската од став 1 на овој член, по правило, кога стоките ќе му ја врачи на Договорниот орган или ќе му предаде исправа со која стоките може да ја преземе.

***Член 15***

Носителот на набавката е должен да ја испорача стоките на Договорниот орган во исправна состојбаи истата да ја достави до Општинската зграда на Општина Лозово.

***Член 16***

Носителот на набавката е должен испораката на стоките да ја изврши сукцесивно во текот на целата година по склучувањето на договорот.

*Член 17*

Носителот на набавката е должен да ја испрати стоките до Договорниот орган тој мора, на вообичаен начин и под вообичаени услови, да склучи договори потребни за извршување на превозот до определено место.

*Член 18*

Трошоците на предавањето, како и оние што му претходат, ги поднесува Носителот на набавката, а трошоците за превземање на стоките и сите други трошоци по предавањето ги поднесува Договорниот орган, ако не е договорено нешто друго.

## *XVI. ОБВРСКИ НА ДОГОВОРНИОТ ОРГАН*

*Член 19*

Договорниот орган е должен да ја плати договорената цената на Носителот на набавката, по испорака на стоките во законски рок од денот на доставувањето на фактура од страна на Носителот на набавката, пополнета на начин пропишан со тендерската документација.

*Член 20*

Во случај на сукцесивна испорака, Договорниот орган е должен да ја исплати цената за секоја испорака во моментот на нејзиното преземање.

Ако во договорот со сукцесивна испорака Договорниот орган му дал аванс на Носителот на набавката, првите испораки се исплатуваат од авансот, ако не е договорено нешто друго.

*Член 21*

Кога е договорено испораката на стоката/ите да се изврши во текот на извесен период време (сукцесивна испорака), определувањето на датумот на предавањето е должност на Договорниот орган.

*Член 22*

Договорниот орган е должен да ги изврши сите потребни дејствија за да биде возможно предавањето на стоките.

## *XVII. НАЧИН НА ПРИМОПРЕДАВАЊЕ НА СТОКИТЕ*

*Член 23*

Примопредавањето на стоките се состои во вршење на потребните дејствија за да биде возможно предавањето, како и превземањето на стоките.

*Член 24*

Носителот на набавката е должен да му ја предаде стоката/те на Договорниот орган во времето и на местото предвидено со овој договорот.

Носителот на набавката ја извршил обврската за предавање на Договорниот орган, по правило, кога стоките ќе му ја врачи или ќе му предаде исправа со која стоките ќе може да се преземе.

***XVIII ПРИМЕНЛИВ ЗАКОН***

***Член 25***

Врз сите евентуални спорови кои би произлегле од овој Договор, ќе се применуваат важечките прописи на Република Македонија.

***XIX. ВИША СИЛА***

***Член 26***

Ниту една од договорните страни нема да биде одговорна за неисполнување на овој Договор до кое би дошло заради Виша сила. Ако една од договорните страни е спречена заради Виша сила должна е во рок од 24 часа писмено да ја извести другата страна, со наведување на причините за Вишата сила и по можност обезбедување на соодветен доказ.

По отстранување на Вишата сила Договорот може да се реализира по потреба со заеднички прифатено дополнување или да се раскине договорно.

***XX. ОСИГУРУВАЊЕ***

***Член 27***

До предавањето на стоките на Договорниот орган, ризикот за случајна пропаст или оштетување на стоките го поднесува Носителот на набавката, а со предавањето на предметот ризикот преминува врз Договорниот орган.

Ризикот не преминува врз Договорниот орган ако тој поради некој недостаток на предадената стоки го раскинал договорот или барал замена на стоките.

***XXI. ГАРАНТЕН ПЕРИОД***

***Член 28***

Кога Носителот на набавката, му предал на Договорниот орган гарантен лист со кој производителот го гарантира исправното функционирање на стоките во текот на определено време, сметајќи од неговото предавање на Договорниот орган, Договорниот орган може, ако стоките не функционира исправно да бара како од Носителот на набавката, така и од производителот, да ја поправи стоките во разумен рок од 20 дена или ако тоа не го стори, да му предаде стоки која функционира исправно.

***Член 29***

Договорниот орган може поради неисправното функционирање да бара од Носителот на набавката, односно од производителот поправка или замена на стоките во текот на гарантниот рок, без оглед на тоа кога се појавил недостатокот во функционирањето.

Тој има право на надомест на штетата што ја претрпел поради тоа што бил лишен од употребата на стоките од моментот на барањето поправка или замена до нивното извршување.

*Член 30*

Во случај на помала поправка, гарантниот рок се продолжува онолку колку што Договорниот орган бил лишен од употребата на стоката/те

Меѓутоа, кога поради неисправното функционирање е извршена замена на стоката/те, или нејзина суштествена поправка, гарантниот рок почнува повторно да тече од замената, односно од враќањето на поправената стока/и.

Ако е заменет или суштествено поправен само некој дел од стоката/те, гарантниот рок почнува повторно да тече само за тој дел.

*Член 31*

Ако Носителот на набавката не изврши во разумен рок од 20 дена поправка или замена на стоката/те, Договорниот орган може да го раскине договорот или да ја намали цената и да бара надомест на штетата.

*Член 32*

Носителот на набавката, односно производителот е должен на своја сметка да ја пренесе стоката/те до местото каде што треба да се поправи, односно да се замени, како и поправената, односно заменетата стока/и да му ја врати назад на Договорниот орган.За тоа време Носителот на набавката, односно производителот го поднесува ризикот за пропаѓање или оштетување на стоката/те.

*Член 33*

Правата на Договорниот орган спрема производителот врз основа на гарантниот лист се гаснат по истекот на една година, сметајќи од денот кога барал од него поправка или замена на стоката/те.

***XXII. СЕРВИСИРАЊЕ***

*Член 34*

Во гарантниот период без надоместок се врши корективно одржување на стоката/те со потребните резервни делови и сервисни услуги.

*Член 35*

Носителот на набавката се обврзува дека во гарантниот период ќе ги отстрани сите грешки и технички недостатоци на испорачаната стока/и кои настанале при нејзино нормално користење.

Резервните делови за стоката/те ги обезбедува Носителот на набавката.

*Член 36*

Со поправката на дефектот треба да се започне во најкраток можен рок, а најдоцна во рок од 24 часа од приемот на пријавата за дефект.

Поправката на дефектот ќе се врши врз основа на писмена пријава доставена од страна на Договорниот орган.

Во случај Договорниот орган да бара итна интервенција писмената пријава се доставува дополнително.

*Член 37*

Поправката на дефектите ќе се врши во сервисот на Носителот на набавката.

Евентуално заменетите делови стануваат сопственост на Носителот на набавката.

## *XXV. ОДГОВОРНОСТ ЗА НЕДОСТАТОЦИТЕ*

*Член 38*

Носителот на набавката одговара за материјалните недостатоци на стоката/те што тој ги имал во моментот на преминувањето на ризикот врз Договорниот орган, без оглед дали тоа му било познато.

Носителот на набавката одговара и за оние материјални недостатоци што ќе се појават по преминувањето на ризикот врз Договорниот орган ако се последица од причина што постоела пред тоа. Незначителниот материјален недостаток не се зема предвид.

*Член 39*

Недостаток постои:

1) ако стоката/те ги нема потребните својства за нејзина редовна употреба или за промет;

2) ако стоката/те ги нема потребните својства за особената употреба за која ја набавува Договорниот орган, а која му била позната на Носителот на набавката или морала да му биде позната;

3) ако стоката/те ги нема својствата и одликите што се изречно или премолчно договорени, односно пропишани, и

4) кога Носителот на набавката предал стока/и која не е соодветна на мострата или на моделот освен ако мострата или моделот се покажани само заради известување.

*Член 40*

Носителот на набавката не одговара за недостатоците овој Договор, ако во моментот на склучувањето на договорот му биле познати на Договорниот орган или не можеле да му останат непознати.

Се смета дека на Договорниот орган не можеле да му останат непознати оние недостатоци што грижливо лице со просечно знаење и искуство на лице со исто занимање и струка како Договорниот орган би можело лесно да ги забележи при вообичаениот преглед на предметот.

Носителот на набавката одговара и за недостатоците што Договорниот орган можел лесно да ги забележи ако изјавил дека стоката/те нема никакви недостатоци или дека стоката/те има определени својства или одлики.

*Член 41*

Договорниот орган е должен примената стока/и на вообичаен начин да ја прегледа или да ја даде на преглед, штом тоа според редовниот тек на работите е можно и за видливите недостатоци да го извести Носителот на набавката во рок од

осум дена, а кај трговските договори без одлагање, инаку го губи правото што му припаѓа врз таа основа.

Кога прегледот е извршен во присуство на двете страни, Договорниот орган е должен своите забелешки поради видливите недостатоци да му ги соопшти на Носителот на набавката веднаш, инаку го губи правото што му припаѓа врз таа основа.

***Член 42***

Кога по приемот на стоката/те од страна на Договорниот орган ќе се покаже дека стоката/те има некој недостаток што не можел да се открие со вообичаениот преглед при нејзиното преземање (скриен недостаток), Договорниот орган е должен, под закана на губење на правото, за тој недостаток да го извести Носителот на набавката во рок од осум дена, сметајќи од денот кога го открил недостатокот, а кај трговски договор без одлагање.

Носителот на набавката не одговара за недостатоците што ќе се покажат откако ќе изминат шест месеци од предавањето на стоката/те, освен кога со договорот е определен подолг рок.

***Член 43***

Во известувањето за недостатокот на стоката/те Договорниот орган е должен поблиску да го опише недостатокот и да го повика Носителот на набавката да ја прегледа стоката/те.

Ако известувањето за недостатокот кое Договорниот орган навремено го испратил до Носителот на набавката со препорачано писмо, телеграма, или на некој друг сигурен начин, задоцни или воопшто не стигне до Носителот на набавката, се смета дека Договорниот орган ја извршил својата обврска да го извести Носителот на набавката.

***Член 44***

Договорниот орган кој навремено и уредно го известил Носителот на набавката за недостатокот може:

1) да бара од Носителот на набавката да го отстрани недостатокот или да му предаде друга стока/и без недостаток (исполнување на договорот);

2) да бара намалување на цената и

3) да изјави дека го раскинува договорот.

Во секој од овие случаи Договорниот орган има право и на надомест на штетата.

Покрај тоа и независно од тоа, Носителот на набавката му одговара на Договорниот орган и за штетата што овој поради недостаток на стоката/те ја претрпел на другите свои добра и тоа според општите правила за одговорноста за штета.

***Член 45***

Ако Договорниот орган не го добие бараното исполнување на договорот во разумен рок од 20 дена, тој го задржува правото да го раскине договорот или да ја намали цената.

**Член 46**

Договорниот орган може да го раскине договорот само ако претходно му оставил на Носителот на набавката дополнителен примерен рок од 20 дена за исполнување на договорот.

Договорниот орган може да го раскине договорот и без оставање на дополнителен рок ако Носителот на набавката, по известувањето за недостатоците, му соопштил дека нема да го исполни договорот, или ако од околностите на конкретниот случај очигледно произлегува дека Носителот на набавката не ќе може да го исполни договорот ни во дополнителниот рок.

**Член 47**

Ако Носителот на набавката во дополнителниот рок не го исполни договорот, тој се раскинува според самиот закон, но Договорниот орган може да го одржи ако без одлагање му изјави на Носителот на набавката дека договорот го одржува во сила.

**Член 48**

Кога само дел од предадената стока/и има недостатоци, или кога е предаден само дел од предметот, односно помало количество од договореното, Договорниот орган може да го раскине договорот во смисла на претходните членови само во поглед на делот што има недостатоци, или само во поглед на делот или количеството што недостига.

Договорниот орган може да го раскине целиот договор само ако договореното количество или предадената стока сочинува целина, или ако Договорниот орган инаку има оправдан интерес да ја прими договорената стока или количество во целост.

**Член 49**

Кога предмет на договорот се повеќе стоки, па само некои од нив имаат недостатоци, Договорниот орган може да го раскине договорот само во поглед на тие стоки, а не и на другите.

Меѓутоа, ако тие сочинуваат една целина така што нивното раздвојување би било штетно, Договорниот орган може да го раскине целиот договор, или ако тој сепак изјави дека го раскинува договорот само во поглед на предметите со недостаток, Носителот на набавката од своја страна може да го раскине договорот и во поглед на другите предмети.

**Член 50**

Договорниот орган кој постигнал намалување на цената поради постоењето на некој недостаток, може да го раскине договорот или да бара ново намалување на цената ако дополнително се открие некој друг недостаток.

**Член 51**

Правата на Договорниот орган кој навремено го известил Носителот на набавката за постоењето на недостаток се гаснат по истекот на една година, сметајќи од денот кога е испратено известувањето до Носителот на набавката, освен ако со измама на Носителот на набавката Договорниот орган бил спречен да ги употреби.

Меѓутоа, Договорниот орган кој навремено го известил Носителот на набавката за постоењето на недостаток може, по истекот на овој рок, ако уште не ја исплатил цената, да го истакне своето барање цената да се намали или да му се надомести штетата како приговор против барањето на Носителот на набавката да му се исплати

цената.

***XXVII. ОБЕШТЕТУВАЊЕ***

***Член 52***

Договорните страни се должни да ги исполанат обврските кои произлегуваат од овој Договор.

Кога една од договорните страни не ќе ја исполни обврската или ќе задоцни со нејзиното исполнување, другата договорна страна има право да бара и надомест на штетата што ја претрпел поради тоа.

За штетата поради задоцнување со исполнувањето одговара договорната страна на која другата договорна страна и дала примерен дополнителен рок за исполнување.

Договорната страна одговара и за делумната или целосната невозможност за исполнување иако не ја криела таа невозможност ако настапила по нејзино доаѓање во задоцнување за кое одговара.

Договорната страна се ослободува од одговорноста за штетата ако докаже дека она што е предмет на обврската случајно би пропаднало и кога таа својата обврска би ја исполнил на време.

***Член 53***

Договорната страна се ослободува од одговорноста за штетата ако докаже дека не можела да ја исполни својата обврска, односно дека задоцнила со исполнувањето на обврската поради околности настанати по склучувањето на договорот кои не можела да ги спречи, отстрани или избегне.

***Член 54***

Со договор може да се прошири одговорноста на договорната страна и врз случај за кој таа инаку не одговара.

Исполнувањето на ваквата договорена одредба не може да се бара ако тоа би било во спротивност со начелото на совесност и чесност.

**Член 55**

Одговорноста на договорната страна за намерата или крајното невнимание не може однапред со договор да се исклучи.

Судот може, по барање од заинтересираната договорна страна, да ја поништи и договорната одредба за исклучување на одговорноста за обично невнимание, ако таквата спогодба произлегла од монополската положба на договорната страна или воопшто од нерамноправниот однос на договорните страни.

***Член 56***

Договорната страна има право на надомест на обичната штета и испуштената корист, кои другата договорна страна морала да ги предвиди во време на склучувањето на договорот како можни последици од повреда на договорот, со оглед на фактите што тогаш и биле познати или морале да и бидат познати.

Во случај на измама или намерно неисполнување, како и неисполнување поради крајно невнимание, договорната страна има право да бара од другата договорна страна надомест на целокупната штета што настанала поради повреда на договорот, без оглед на тоа што другата договорна страна не знаела за посебните околности поради кои настанале тие.

Ако при повреда на обврската, покрај штетата, за договорната страна настанала и некоја добивка, при определувањето на висината на надоместот за неа ќе се води сметка во разумна мера.

Страната што се повикува на повреда на договорот е должна да ги преземе сите разумни мери за да се намали штетата предизвикана од таа повреда, инаку другата страна може да бара намалување на надоместот.

**Член 57**

Договорната страна која е должна да ја извести другата страна за фактите што се од влијание врз нивниот меѓусебен однос, одговара за штетата што ќе ја претрпи другата страна поради тоа што не била известена на време.

## XXVIII. РЕШАВАЊЕ НА СПОРОВИ

**Член 58**

Сите евентуални спорови и недоразбирања кои би произлегле од овој Договор, договорните страни ќе ги решаваат во духот на добрите деловни обичаи со меѓусебно договарање. Доколку тоа не даде резултат во рок од 10 (десет) дена, спорот ќе се решава пред арбитражна комисија која ќе ја сочинуваат 3 (три) члена и тоа по 1 (еден) од двете договорни страни, а третиот член ќе го одберат заеднички од редот на арбитрите на Арбитражниот суд при Стопанска Комора на Република Македонија (*или Сојузот на Стопански комори доколку имаат Арбитражен суд*).

**Член 59**

Доколку Арбитражната Комисија не даде обострано прифатливо решение сите евентуални спорови ќе ги решава надлежниот суд во Св.Николе.

## XXIX. УСЛОВИ ЗА ПРЕКИНУВАЊЕ ИЛИ РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**Член 60**

Кога една од договорните страна не ќе ја исполни својата обврска, другата договорна страна, може да бара исполнувањето на обврските или да го раскине договорот, а во секој случај има право на надомест на штетата.

**Член 61**

Кога една од договорните страна не ќе ја исполни својата обврска во определениот рок, другата договорна страна, ќе и остави примерен дополнителен рок од 20 дена за исполнување на обврската.

Ако договорните страна која не ја исполнила својата обврска во определениот рок, не ја исполни обврската ни во дополнителниот рок, другата договорна страна, може да го раскине договорот.

**Член 62**

Договорниот орган може да го раскине договорот и без да му остави на Носителот на набавката, дополнителен рок за исполнување ако од неговото однесување произлегува дека тој нема да ја изврши својата обврска ниту во дополнителниот рок.

**Член 63**

Кога пред истекот на рокот за исполнување на обврската е очигледно дека едната договорна страна нема да ја исполни својата обврска од договорот, другата страна може да го раскине договорот и да бара надомест на штетата.

### Член 64

Кога во Договорот со последователни обврски (сукцесивна испорака), Носителот на набавката не ќе ја исполни својата обврска од Договорот, Договорниот орган може во разумен рок, да го раскине Договорот во поглед на сите идни обврски, ако од дадените околности е очигледно дека и тие нема да бидат исполнети.

Договорниот орган може да го раскине договорот не само во поглед на идните обврски, туку и во поглед на веќе исполнетите обврски, ако нивното исполнување без изостанатите исполнувања не е од интерес за него.

### Член 65

Договорната страна која поради неисполнување на договорните обврски го раскинува договорот, должна е тоа да и го соопшти на другата договорна страна без одлагање.

### Член 66

Договорот не може да се раскине поради неисполнување на незначителен дел од обврската.

### Член 67

Со раскинувањето на договорот двете договорни страни се ослободени од своите обврски, освен од обврската за надомест на евентуалната штета.

Ако една страна го извршила договорот целосно или делумно има право да и се врати она што го дала.

Ако двете страни имаат право да бараат враќање на даденото, заемните враќања се вршат според правилата за извршувањето на двостраните договори.

Секоја страна и должи на другата надомест за користа што во меѓувреме ја имала од она што е должна да го врати, односно да го надомести.

Страната што враќа пари е должна да плати затезна камата од денот кога ја примила исплатата.

### Член 68

Ако по склучувањето на договорот настапат околности што го отежнуваат исполнувањето на обврската на едната договорна страна или ако поради нив не може да се оствари целта на договорот, во таа мера што е очигледно дека договорот повеќе не им одговара на очекувањата на договорните страни и дека според општото мислење би било неправедливо, да се одржи во сила таков каков што е, страната на која и е отежнато исполнувањето на обврската, односно страната која што поради променетите околности не може да ја оствари целта на договорот може да бара договорот да се раскине.

Раскинување на договор не може да се бара ако страната што се повикува на променетите околности била должна во време на склучувањето на договорот да ги земе предвид тие околности или можела да ги избегне или да ги совлада.

Страната која бара раскинување на договорот не може да се повикува на променетите околности што настапиле по истекот на рокот определен за исполнување на нејзината обврска.

Договорот нема да се раскине ако другата страна понуди или се согласи соодветните услови од договорот да се изменат справедливо.

Ако изрече раскинување на договорот судот, на барање од другата страна, ќе ја обврзе страната што барала раскинување да и надомести на другата страна справедлив дел од штетата што ја трпи поради тоа.

**Член 69**

Страната што е овластена да бара поради променетите околности раскинување на договорот е должна за својата намера да бара раскинување на договорот, да ја извести другата страна штом дознала дека настапиле такви околности, а ако тоа не го сторила одговара за штетата што другата страна ја претрпела поради тоа што барањето благовремено не и било соопштено на време.

## *XXX. ЗАВРШНИ И ОПШТИ ОДРЕДБИ*

**Член 70**

Договорните страни можат да ги дополнат и/или изменат одредбите од овој договор само спогодбено.

Договорната страна која бара измена и/или дополнување е должна своето барање до другата страна да го достави во писмена форма.

Одредбите од овој договор можат да се изменат и/или дополнат со склучување на Договорот за изменување и дополнување на основниот Договор.

Дополнувањата и измените на овој договор се важечки ако се направени во писмена форма и ако се потпишани од двете договорни страни.

**Член 71**

Ниту една договорна страна нема право своите обврски да ги пренесе на трета страна, без взаемна писмена согласност.

**Член 72**

Овој Договор е составен во 4 (Четири) примероци, од кои секоја страна задржува по 2 (два) примерока и стапува во сила со денот на неговото склучување.

| | |
|---|---|
| *Општина Лозово* | *ДПТУ ИВА 2003 ДООЕЛ* |
| **Градоначалник** | **Управител** |
| *Ацо Велковски* | *Данчо Бутимов* |

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ГРАДОНАЧАЛНИК ОПШТИНА ЛОЗОВО

ИВА 2003 ДООЕЛ